Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Државен управен инспекторат
Inspektorati Shtetëror Administrativ

Бр. - Nr 04-495/2
18.11.2022 год. - viti
Скопје / Shkup

Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

Државниот управен инспекторат, врз основа на член 48 став 4 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), а во врска со член 41 став 1 точка 2 и член 41 став 2 Законот за инспекциски надзор (Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/2019) и член 2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/2015, 35/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.303/2020), објавува

# ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 3/2022
за унапредување на 6 (шест) административни службеници
во Државен управен инспекторат

**Државниот управен инспекторат, објавува интерен оглас за унапредување на 6 (шест) административни службеници за следните работни места:**

1. ***ИНС 0101В01001 Советник инспектор во Одделението за вршење на инспекциски надзор југозапад, Одделение за инспекциски надзор за југозападен регион, Сектор за вршење на инспекциски надзор Запад ..........................................................................3 (три) извршители***
2. ***ИНС 0101В01001 Советник инспектор во Одделението за вршење на инспекциски надзор северозапад, Одделение за инспекциски надзор за северозападен регион, Сектор за вршење на инспекциски надзор Запад .............................1 (еден) извршител***
3. ***ИНС 0101В01001 Советник инспектор во Одделението за вршење на инспекциски надзор североисток, Одделение за инспекциски надзор за североисточен регион, Сектор за вршење на инспекцски надзор Исток...........................1 (еден )извршител***
4. ***ИНС 0101В01001 Советник инспектор во Одделението за вршење на инспекциски надзор југоисток, Одделение за инспекциски надзор за југоисточен регион, Сектор за вршење на инспекциски надзор Исток...........................1 (еден) извршител***

**Кандидатите за наведените работни места потребно е да ги исполнуваат следните:**
**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност

**Посебни услови:**

- ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен (правни науки)
- најмалку три години работно искуство по дипломирањето
- да е оценет со оцена „А" или „Б" при последното оценување,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас

**Посебни работни компетенции:**

- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

**Општи работни компетенции:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг
- учење и развој
- комуникација
- остварување резултати
- работење со други/тимска работа
- стратешка свест
- ориентираност кон странките/засегнати страни
- раководење и
- финансиско управување

Кон пријавата кандидатите можат да ги приложат следниве докази во скенирана форма:

- потврди за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство (како ментор или менториран административен службеник

Распоред на работно време:

- Работни денови: понеделник - петок
- Работни часови: дневно 8 часа
- Работни часови: неделно 40 часа
- Работно време: од 07-30 до 08-30 часот доаѓање и од 15-30 до 16-30 часот заминување

ПАРИЧЕН НЕТО ИЗНОС НА ПЛАТА: 26.566,00 денари

Заинтересираните административни службеници поднесуваат писмено пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата, преку писарницата на Државен управен инспекторат до организационата единица за управување со човечки ресурси, како и на службената електронска адреса arhivadui@mioa.gov.mk, најдоцна до рокот утврден во овој оглас.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

Потребната документација да се достави во затворен коверт на следнава адреса:

Државен управен инспекторат,

ул. Даме Груев број 5/1-1, 1000 Скопје

(со назнака „интерен оглас за унапредување").

Рокот за пријавување на огласот е 10 (десет) дена од денот на објавување на огласот на web страната на Државниот управен инспекторат и на web страната на Агенцијата за администрација.

Директор,
Кети Василеска

Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

ДО
Државен управен инспекторат
Одделение за човечки ресурси и административна
и информатичка поддршка

ПРИЈАВА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ
ИНТЕРЕН ОГЛАС бр. 3/2022

1. Име и презиме:
_______________________________________________

2. Реден број, ниво и назив на работното место за кое се аплицира:
_______________________________________________
_______________________________________________

3. Тековно работно место и ниво:
_______________________________________________
_______________________________________________

4. Работно искуство:
_______________________________________________

5. Оцена при последното оценување_______________________________

6. Податоци за изречена дисциплинска мерка една година пред објавување на огласот,
(да се заокружи) ДА / НЕ

ПРИЛОЗИ:_______________________________________
_______________________________________________
_______________________________________________

Под материјална и кривична одговорност потврдувам дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази се верни на оригиналот.

Датум __.__.___ година
Скопје

_______________________
Подносител на пријавата